*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1082/3*
*21.03.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Штип за 2023 година со Одлука бр. 08-2679/1 од 12.04.2023 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За организирање на јавна презентација и јавна анкета
по изготвен

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОКОВИ ЈИ 02.01 И ЈИ 02.04,
ОПШТИНА ШТИП
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

Просторот дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Штип сместен во југоисточниот дел на градот во непосредна близина на река Отиња и браната на р.Отиња.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

Планскиот опфат за предметниот Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип е дефиниран со следните граници:

- На **северо-исток** границата се протега по осовината на сервисна улица Сутлак
- На **југо-исток** границата се протега по осовината на собирна улица Каваклија
- На **југо-запад** границата се протега по осовината на собирна улица Каваклија
- На **северо-запад** границата се протега по осовината на сервисна улица Сутлак

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 21.59 ха

Документацијата ќе биде изработена во согласност со новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по изготвен Детален урбанистички план за

блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип - Плански период 2023-2028 - , ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

**Подрачје на плански опфат**



**ЈАВНИОТ ПОВИК** за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на **25 Март 2024 год (Понеделник) и истата ќе трае петнаесет работни дена пред започнување на Јавна анкета и Јавна презентација односно до 15 Април 2024 год (Понеделник).**

Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип - Плански период 2023-2028 - ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 30 дена и тоа од 16 Април 2024 год (Вторник) и истиот ќе трае до 15 Мај 2024 год (Среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 10 Мај 2024 (Петок) во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.**

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатички систем на е урбанизам.

*Изработил:*
*Драгана Штерјова, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*